

**ОМД: Мешањето на Стејт Департмент во Македонската внатрешна политика е контрапродуктивно**

На Октомври 2018, ОМД оствари средба со новиот стафер за Македонија на Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави, Џил Дитчрик, во канцеларијата на ОМД во Вашингтон. Средбата следеше по остварениот состанок во првата половина на Август 2018 година, помеѓу Претседателот на ОМД Методија А. Колоски и Заменик Помошникот за Европски Прашања, Метју Палмер, Заменик Директорот, Сузан Фалатко и Џил Дитчрик. За време на состанокот, Колоски изрази несогласување кон референдумот за промена на уставното име на Македонија, како и распределбата на USAID фондовите за поддршка на референдумот.

На вчерашниот состанок, претставниците на ОМД остро ја критикуваа условеноста на Македонија за промена на уставното име по цена на придобивките наведени во Преспанскиот Договор. ОМД исто така изрази несогласување со неодамнешните изјави на Стејт Департментот, кои погрешно ги интерпретираат резултатите од референдумот оддржан на 30 Септември како успешни. Државната Изборна Комисија (ДИК) на Македонија го прогласи референдумот правно неважечки поради незадоволениот услов за исполнување на клучните 50% излезеност дефинирани во Уставот.

ОМД се спротивстави и на актуелното писмо од страна на Помошник Секретарот за Европски и Евроазиски Прашања Вес Мичел упатено до лидерот на опозиционата ВМРО-ДПМНЕ, кое дава впечаток на партиска фаворизација во Македонија. Ова писмо, заедно со изјавата на Заменик Претседателот Пенц, изразуваат поддршка кон уставните промени на Македонија, се значителни и вознемирувачки пример на несоодветно мешање на САД во домашната политика на Македонија.

Очекувањата од Македонија да спроведе уставни промени е спротивно од клучните принципи на администрацијата на Претседателот Трамп, за немешање во внатрешните политики на суверените нации. Напорите на САД за вршење на притисок врз Македонија за промена на уставното име на земјата, како би ги задоволила барањата на Грција, според ОМД се контрапродуктивни и несоодветни. Пристапувањето на Македонија во НАТО и ЕУ не смее да биде предмет за промена на уставното име на земјата. Наместо тоа, САД треба да и помогни на Македонија во исполнувањето на критериумите за членство, што бара структурни реформи, владеење на правото и стабилни владини институции.

ОМД, исто така, изрази загриженост во врска со вмешувањето на американскиот амбасадор Џес Бејли во секојдневниот живот на Македонците - особено притисокот на пратениците да гласаат за уставни промени и побара итно повлекување од неговата функција во Македонија. Ваквите акции го нарушија имиџот на САД во Македонија, регионот и ја намалија македонската поддршка за влез во НАТО и во ЕУ. ОМД ги поддржува државјаните на САД кои бараат истраги за однесувањето на амбасадорот Бејли, вклучително и во соодветна употреба на американските даночни долари за да ги поттикнат Македонците да поддржат еден исход над друг.

ОМД цврсто верува дека поддршката на САД на Преспанскиот договор ја поткопува демократијата во Македонија и ќе доведе до уште поголема нестабилност во регионот.